# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 129** **25 јуни 2019, вторник** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1866. | **Одлука** за испраќање на републички сили за заштита и спасување за учество на меѓународна вежбовна активност за менаџирање на итни ситуации при спасување од урнатини и поплави во Република Србија............................................... | 2 |
| 1867. | **Решение** за именување заменик на директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола.................................. | 2 |
| 1868. | **Решение** за именување член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица........................................... | 2 |
| 1869. | **Решение** за именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница – Охрид................................................. | 2 |
| 1870. | **Решение** за именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница – Гостивар............................................. | 3 |
| 1871. | **Решение** за именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство „Чаир“ – Скопје................................. | 3 |
| 1872. | **Решение** за именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“–Битола.. | 3 |
| 1873. | **Решение** за именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо “- Охрид..................... | 4 |
| 1874. | **Решение** за разрешување и именување член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со пасишта – Скопје................ | 4 |
| 1875. | **Објава** од Министерство за надворешни работи.................................... | 4 |
| 1876. | **Листи** на стоки за второ полугодие од 2019 година за кои ќе се користи принципот на распределба „прв дојден, прв корисник“ (first come, first served), од Европската заедница, Република Турција, Украина, Норвешка и Швајцарската конфедерација............................................. | 4 |
| 1877. | **Листа** за изменување на Листата на стоки на царински квоти по Договорот за пристапување на Република Македонија во СТО..................... | 11 |
| | **Огласен дел**...................................... | 1-116 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1866.**

Врз основа на член 16 точка 5) од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИ СИЛИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНА ВЕЖБОВНА АКТИВНОСТ ЗА МЕНАЏИРАЊЕ НА ИТНИ СИТУАЦИИ ПРИ СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ И ПОПЛАВИ ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА**

1. Со оваа одлука се испраќаат републички сили за заштита и спасување за учество на меѓународна вежбовна активност (во натамошен текст: вежбата), за менаџирање на итни ситуации при спасување од урнатини и поплави во Република Србија, под покровителство на Министерството за внатрешни работи – Сектор за вонредни ситуации на Република Србија и Министерството за цивилна одбрана на Руската Федерација, која ќе се одржи од 25 до 27 јуни 2019 година, во Ниш, Република Србија.

2. На вежбата ќе учествува еден тим за заштита и спасување од поплави со десет (10) припадници на републичките сили за заштита и спасување од Дирекцијата за заштита и спасување и тоа:

- тим лидер/офицер за врски – 1 ;
- офицер за логистика -1;
- спасувачи на вода – 8.

3. Транспортот на учесниците на вежбата ќе биде организиран со возила на Дирекцијата за заштита и спасување.

4. Финансиските трошоци за превоз, дневни трошоци и храна на учесниците на вежбата ќе бидат на товар на Дирекцијата за заштита и спасување.

5. Подготовката и организацијата на учесниците на вежбата ќе ги изврши Дирекцијата за заштита и спасување на свој товар.

6. По завршување на вежбата, Дирекцијата за заштита и спасување ќе достави извештај за учеството на вежбата за менаџирање на итни ситуации при спасување од урнатини и поплави во Република Србија, под покровителство на Министерството за внатрешни работи – Сектор за вонредни ситуации на Република Србија и Министерството за цивилна одбрана на Руската Федерација до Владата на Република Северна Македонија.

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4344/1
25 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**1867.**

Врз основа на член 4 од Законот за основање на Агенција за потикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на Република Македонија“бр. 3/1998, 43/2014, 64/2018 и 27/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - БИТОЛА**

1. За заменик на директорот на Агенцијата за потикнување на развојот на земјоделството - Битола, се именува Борче Петковски, досегашен вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24-4685/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1868.**

Врз основа на член 190 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и 98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОРГАНОТ ЗА НАДЗОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА СТРУМИЦА**

1. За член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица, се именува Елица Божиновска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24-4686/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1869.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА – ОХРИД**

1. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница – Охрид, се именува Урим Алиу.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24- 4687/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1870.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА – ГОСТИВАР**

1. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница – Гостивар, се именува Билал Сулејмани.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24- 4688/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1871.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО „ЧАИР“ – СКОПЈЕ**

1. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство „Чаир“ – Скопје, се именува Ирфан Хоџа.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24- 4689/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1872.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА „Д-Р ТРИФУН ПАНОВСКИ“ – БИТОЛА**

1. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“ – Битола, се именува Валбона Османовска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24- 4690/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1873.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЗА ОРТОПЕДИЈА И ТРАУМАТОЛОГИЈА „СВ. ЕРАЗМО “- ОХРИД**

1. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“- Охрид, се именува Осман Муртезаи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24- 4691/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1874.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА – СКОПЈЕ**

1. Од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со пасишта – Скопје, се разрешува Татјана Бошков.

2. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со пасишта – Скопје, се именува д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-4692/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

**1875.**

**О Б Ј А В А**

Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија за размена и заемна заштита и класифицирани информации, склучена во Скопје на 27 мај 2016 година, ратификувана од Собрание на Република Македонија и објавена во „Службен весник на РМ“ бр.168/16, согласно членот 16 став 1 од предметната Спогодба, стапила во сила на 6 јуни 2019 година.

17 јуни 2019 година
Скопје

Министер,
**Никола Димитров,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**1876.**

Врз основа на член 4 став 1 од Одлуката за начинот и постапката при распределба на стоки во рамките на тарифни квоти (“Службен весник на Република Македонија” бр.101/07, 168/08, 26/10, 6/11, 122/11, 5/12, 53/12, 53/13 и 31/15), Министерството за економија ги објавува листите на стоки за второ полугодие од 2019 година, за кои ќе се користи принципот на распределба “прв дојден, прв корисник” (first come, first served) и тоа

**Л И С Т А**

**НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ЗАЕДНИЦАТА ЗА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРО ПОЛУГОДИЕ ОД 2019 ГОДИНА (НУЛА - ЦАРИНСКА СТАПКА ВО РАМКИ НА КВОТИ)**

**Анекс IV (б)** **(наведено во Член 27(3) (б))**

| Број на квота | Тарифна ознака | Наименување | Квота за период 01.07.-30.09.2019 г. | Квота за период 01.10-31.12.2019 г. | Единица мерка | Применливи царини за надминати количини (% од МФН) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 092401 | 0401 10 10 | Млеко и павлака, неконцентрирани и без додаден шеќер или други материи за засладување:<br>Со содржина на маснотија што не надминува 1%: Во амбалажа, чија запремина не надминува 2 литри | 200.000 | 200.000 | кг | 100 |
| 092054 | 0401 20 | Млеко и павлака, неконцентрирани и без додаден шеќер или други материи за засладување: Со содржина на маснотија што надминува 1%, но не надминува 6% по маса | 600.000 | 600.000 | кг | 100 |
| 092402 | 0403 10 11<br>0403 10 13<br>0403 90 51<br>0403 90 53<br>0403 90 59 | Јогурт: Неароматизиран и без додадено овошје, јатчесто овошје или какао: Без додаден шеќер или други материи за засладување, со содржина на маснотија по маса: Што не надминува 3%<br>Јогурт: Што надминува 3%, но не надминува 6%<br>Друго: Неароматизиран и без додадено овошје, јатчесто овошје или какао: Друго: Без додаден шеќер или други материи за засладување, со содржина на маснотија по маса: Што не надминува 3%<br>Друго: Што надминува 3%, но не надминува 6%<br>Друго: Што надминува 6% | 325.000 | 325.000 | кг | 100 |
| 092055 | <br>0406 20<br>0406 30 | Сирење и урда:<br>Сирење стругано или во прав, од сите видови<br>Сирење топено, освен стругано или во прав | 155.000 | 0 | кг | 70 |
| 092404 | 0406 90 | Друго сирење: | 162.500 | 162.500 | кг | 100 |
| 092405 | 0701 90 90 | Компир, свеж или разладен; Друго: Друго: | 112.500 | 112.500 | кг | 100 |
| 092420 | <br>0703 10 19 50<br>0703 10 19 90 | Кромид, свеж или разладен: Друго<br>Од 01 април до 30 септември<br>Од 01 октомври до 31 март | 75.000 | 75.000 | кг | 100 |
| 092407 | 1512 19 90 | Масла од сончоглед: Друго: Друго | 25.000 | 25.000 | кг | 100 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **092043** | 1601 00 | Колбаси и слични производи, од месо, од други јастиви месни кланични производи или од крв, сложени прехранбени производи врз основа на овие производи: | 850.000 | 850.000 | кг | 70 |
| **092408** | 1602 | Други приготвени или конзервирани производи од месо, од јастиви месни кланични производи или од крв: | 512.500 | 512.500 | кг | 70 |
| **092409** | 2001 10 00 00 | Краставици и корнишони: приготвени или конзервирани во оцет или оцетна киселина | 10.000 | 10.000 | кг/нет еда | 100 |
| **092158** | 2003 10<br>2003 90 10 00 | Печурки за јадење од видот Agaricus;<br>Трифли | 12.500 | 12.500 | кг/нет еда<br>кг | 100 |
| **092410** | <br><br><br>2005 20 20<br><br><br>2005 20 80 | Компир, приготвен или конзервиран на друг начин освен во оцет или оцетна киселина, незамрзнат, освен производите од тар. број 2006:<br>Во тенки парчиња, пржен или печен, посолен или непосолен, ароматизиран или неароматизиран, во херметички пакувања, погоден за непосредна консумација<br>Друго | 37.500 | 37.500 | кг | 100 |
| **092411** | 2005 40 00 | Грашок (Pisum sativum), приготвен или конзервиран на друг начин освен во оцет или оцетна киселина, незамрзнат | 15.000 | 15.000 | кг | 100 |
| **092546** | 2009 | Овошни сокови (вклучувајќи шира од грозје) и сокови од зеленчук, неферментирани и без додаток на алкохол, со додаток или без додаток на шеќер или други средства за засладување: | 75.000 | 75.000 | кг | 100 |

**Л И С Т А**

**НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ЗАЕДНИЦАТА ЗА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРО ПОЛУГОДИЕ ОД 2019 ГОДИНА (КОНЦЕСИИ ВО РАМКИ НА КВОТИ)**

**Анекс IV (в)** **(наведено во Член 27(3) (в))**

| Број на квота | Тарифна ознака | Наименување | Квота за период 01.07.-30.09.2019 г. | Квота за период 01.10.-31.12.2019 г. | Единица мерка | Применливи царини (% од МФН) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **092172** | 0203 | Месо свинско, свежо, разладено или замрзнато: | 500.000 | 500.000 | кг | 70 |
| **092171** | 0406* | Сирење и урда: | 0 | 300.000 | кг | 70 |
| **092170** | 0701 90** | Компир свеж или разладен; Друг: | 0 | 50.000 | кг | 50 |

* Квотата за сирење и урда со применлива царина од 70% од МФН ќе се користи за 0406 10 и 0406 40, а по искористување на безцаринските квоти за сирење и урда утврдени во Анекс IV (б) и за другите тарифни подброеви од тарифниот број 0406

** Квотата за компир со применлива царина од 50% од МФН ќе се користи 0701 90 10 и 0701 90 50, а по искористување на безцаринската квота за компир утврдена во Анекс IV (б) и за 0701 90 90

**Л И С Т А**
**НА РИБА И РИБНИ ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ЗАЕДНИЦАТА ЗА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРО ПОЛУГОДИЕ ОД 2019 ГОДИНА (НУЛА - ЦАРИНСКА СТАПКА ВО РАМКИ НА КВОТИ)**

**Анекс V (в)** **(наведено во Член 28(2)**

| Број на квота | Тарифна ознака | Наименување | Квота за период 01.01.-31.03.2019 г. | Квота за период 01.04.-30.06.2019 г. | Единица мерка | Применливи царини за надминати количини (% од МФН) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 092412 | 0301 93 00 00 | Жив крап (Cyprinus spp, Carassius spp, Ctenopharyngodon idellus, Hypo-phthalmichthys spp., Cirrhinus spp., Mylopharyngodon piceus, Catla catla, Labeo spp, Osteochilus hasselti, Leptobarbus hoeveni, Megalobrama spp) | 18.750 | 18.750 | кг | 70 |

**Л И С Т А**
**НА ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ЗАЕДНИЦАТА ЗА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРО ПОЛУГОДИЕ ОД 2019 ГОДИНА (НУЛА - ЦАРИНСКА СТАПКА ВО РАМКИ НА КВОТИ)**

**Анекс III**

| Број на квота | Тарифна ознака | Наименување | Квота за период 01.07.-30.09.2019 г. | Квота за период 01.10.-31.12.2019 г. | Единица мерка | Применливи царини за надминати количини (% од МФН) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 092413 | 0403 10<br><br><br><br>0403 10 51<br>0403 10 53<br><br><br>0403 10 91<br>0403 10 93<br>0403 10 99<br>0403 90<br><br><br><br>0403 90 91<br>0403 90 93 | Јогурт: Ароматизиран или со додадено овошје, јатчесто овошје или какао:<br>Во прав, гранули или други цврсти форми, со содржина на млечна маснотија по маса:<br>Што не надминува 1,5%;<br>Што надминува 1,5%, но не надминува 27%;<br>Друго, со содржина на млечна маснотија по маса:<br>Што не надминува 3%;<br>Што надминува 3%, но не надминува 6%;<br>Што надминува 6%<br>Друго:<br>Ароматизиран или со додадено овошје, јатчесто овошје или какао: Друго, со содржина на млечна маснотија по маса:<br>Што не надминува 3%<br>Што надминува 3%, но не надминува 6% | 92.500 | 92.500 | кг | 50 |
| 092063 | 1517 10 | Маргарин, исклучувајќи течен маргарин: | 112.500 | 112.500 | кг | 100 |
| 092048 | 1704 90 | Производи од шеќер (вклучувајќи бела чоколада), без какао: Друго: | 96.250 | 96.250 | кг | 50 |
| 092149 | 1806* | Чоколада и други прехранбени производи што содржат какао: | 287.500 | 287.500 | кг | 50 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 092064 | 1902 ** | Тестенини, варени или неварени или полнети (со месо или други материи) или поинаку приготвени како што се шпагети, макарони, резанки, лазањи, њоки, равиоли, канелони, кускус, приготвен или неприготвен: | 53.750 | 53.750 | кг | 50 |
| 092250 | 1905 | Леб, печива, колачи, бисквити и други пекарски производи, со додаток на какао или без додаток на какао; нафора, капсули за фармацевтска употреба, обланди, оризова хартија и слични производи: | 358.750 | 358.750 | кг | 50 |
| 092414 | 2102 10 | Активен квасец | 212.500 | 212.500 | кг | 100 |
| 092415 | 2102 30 00 | Приготвени прашоци за печива | 8.750 | 8.750 | кг | 100 |
| 092421 | 2103 | Сосови и препарати на сосови; мешани мирудии и мешани мирудиски средства; брашно и гриз од синап и приготвен синап (сенф): | 25.000 | 25.000 | кг | 100/0*** |
| 092417 | 2104 10 00 | Супи и чорби и препарати за тие производи | 112.500 | 112.500 | кг | 50 |
| 092067 | 2201 | Вода, вклучувајќи природна или вештачка минерална вода и газирана вода, без додаток на шеќер или на други средства за засладување или ароматизација, мраз и снег | 262.500 | 262.500 | л | 50 |
| 092418 | 2202 | Вода, вклучувајќи минерална вода и газирана вода, со додаток на шеќер или други средства за засладување или ароматизација, и други безалкохолни пијалаци, освен сокови од овошје или зеленчук што се распоредуваат во тар. број 2009 | 417.500 | 417.500 | л | 50 |
| 092419 | 2402 20 | Цигари што содржат тутун | 25.000 | 25.000 | 1000п/ст | 70 |

* Применлива царина за надминати количини согласно Анекс II за тарифен број 1806 10 е 0%
** Применлива царина за надминати количини согласно Анекс II за тарифен број 1902 20 10 е 0%, а за 1902 20 30 е МФН
*** Применлива царина за надминати количини како што е наведено во Анекс II

## Л И С Т А
## НА ЦАРИНСКИ СТАПКИ ЗА ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ЗАЕДНИЦАТА ЗА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРО ПОЛУГОДИЕ ОД 2019 ГОДИНА (КОНЦЕСИЈА ВО РАМКИ НА КВОТИ)

| Број на квота | Тарифна ознака | Наименување | Квота за период 01.07.-30.09.2019 г. | Квота за период 01.10.-31.12.2019 г. | Единица мерка | Применливи царини во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 092173 | 2201* | Вода, вклучувајќи природна или вештачка минерална вода и газирана вода, без додаток на шеќер или на други средства за засладување или ароматизација, мраз и снег | 37.500 | 37.500 | л | 12 |
| 092174 | 2402 20* | Цигари што содржат тутун | 67.500 | 67.500 | 1000п/ст | 27 |

* Квотата за вода со применлива царина од 12% ќе се користи по искористување на безцаринската квота за вода утврдена во Анекс III

** Квотата за цигари што содржат тутун со применлива царина од 27% ќе се користи по искористување на безцаринската квота за цигари што содржат тутун утврдена во Анекс III

## Л И С Т А
## НА ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ЗАЕДНИЦАТА ЗА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРО ПОЛУГОДИЕ ОД 2019 ГОДИНА ПО СПОГОДБАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ВЗАЕМНИ ТРГОВСКИ ПОВЛАСТИЦИ ЗА НЕКОИ ВИНА

| Број на квота | Тарифна ознака | Наименување | Квота за период 01.07.-30.09.2019 г. | Квота за период 01.10.-31.12.2019 г. | Единица мерка | Применливи царини за надминати количини (% од МФН) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 092105 | ex 2204 10<br>ex 2204 21 | Квалитетни пенливи вина<br>Вина од свежо грозје | 345.000 | 345.000 | л | 100 |

## Л И С Т А
## НА СТОКИ НА ЦАРИНСКИ КВОТИ ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА КОИ СЕ УВЕЗУВААТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРО ПОЛУГОДИЕ ОД 2019 ГОДИНА

### Анекс А кон Протокол 1

| Број на квота | Тарифна ознака | Наименување | Квота за период 01.07.-30.09.2019 г. | Квота за период 01.10.-31.12.2019 г. | Единица мерка | Царинска стапка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 095201 | 0207 | Месо и јастиви делови од живина од тарифен број 0105, свежи, разладени или замрзнати: | 750.000 | 750.000 | кг | 0% |
| 095002 | 0713 40 00 90 | Сушен мешункаст зеленчук, во зрно, лупен или нелупен или кршен: Леќа: Друга | 125.000 | 125.000 | кг | 0% |
| 095003 | 0802 22 00 00 | Друго јајчесто овошје во лушпа, свежо или сушено: Лешници (Coryles. spp.): Лупени | 62.500 | 62.500 | кг | 0% |
| 095004 | 0805 | Агруми, свежи или сушени: | 2.000.000 | 2.000.000 | кг | 0% |
| 095005 | 0806 20 | Грозје: Сушено: | 62.500 | 62.500 | кг | 0% |
| 095206 | <br>1509 10 20 00<br><br>1509 10 80 00 | Маслиново масло и негови фракции, пречистено или непречистено, но хемиски немодификувано: Од првото пресување:<br>Ekstra virgin (ладно цедено) маслиново масло<br>Друго | 25.000 | 25.000 | кг | 0% |
| 095007 | 2005 70 00 00 | Друг зеленчук приготвен или конзервиран на друг начин освен во оцет или оцетна киселина, незамрзнат, освен производите од тар.број 2006: Маслинки: | 175.000 | 175.000 | кг/нет еда | 0% |
| 095501 | 2008 | Овошје, јатчесто овошје и други јастиви делови на растенија, поинаку приготвени или конзервирани со додавање или без додавање на шеќер или други средства за засладување или алкохол на друго место неспомнати или опфатени: | 50.000 | 50.000 | кг | 0% |

# Л И С Т А
# НА СТОКИ НА ЦАРИНСКИ КВОТИ ПО ПОТЕКЛО ОД УКРАИНА КОИ СЕ УВЕЗУВААТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРО ПОЛУГОДИЕ ОД 2019 ГОДИНА

**(Анекс II на Протокол Б)**

| Број на квота | Тарифна ознака | Наименување | Квота за период 01.07.-30.09.2019 г. | Квота за период 01.10.-31.12.2019 г. | Единица мерка |
|---|---|---|---|---|---|
| 096069 | 0201<br>0202 | Месо говедско, свежо или разладено:<br>Месо говедско, замрзнато: | 250.000 | 250.000 | кг |
| 096070 | <br>0203 21<br>0203 22<br>0203 29 | Месо свинско замрзнато:<br>Трупови и полутки:<br>Бутови,(шунки) плешки и парчиња од нив, со коски:<br>Друго: | 75.000 | 75.000 | кг |
| 096071 | 0402 | Млеко и павлака, концентрирани или со додаден шеќер или други материи за засладување: | 100.000 | 100.000 | кг |
| 096172 | 1003 90 00 20 | Јачмен добиточен | 1.250.000 | 1.250.000 | кг |
| 096073 | 1701 12* | Шеќер од шеќерна репка | 3.750.000 | 3.750.000 | кг |
| 096074 | 1704 | Производи од шеќер (вклучувајќи бела чоколада), без какао: | 25.000 | 25.000 | кг |
| 096075 | 1806 | Чоколади и други прехрамбени производи што содржат какао: | 25.000 | 25.000 | кг |
| 096076 | 1905 31<br>1905 32 | Слатки бисквити:<br>Вафли и обланди: | 12.500 | 12.500 | кг |
| 096277 | 2007 | Џемови, овошни желеа, мармалади, овошни пиреа и овошни пасти добиени со варење, со додавање или без додавање на шеќер или други средства за засладување: | 25.000 | 25.000 | кг |
| 096078 | 2201 | Вода, вклучувајќи природна или вештачка минерална вода и газирана вода, без додаток на шеќер или други средства за засладување или амортизација; мраз и снег: | 25.000 | 25.000 | л |

*Со Царинската тарифа од 2013 година царинската стапка е нула, меѓутоа промените не се верификувани од Мешовитиот комитет за спроведување на ДСТ поради што истите остануваат на листа

# Л И С Т А
# НА ТАРИФНИ КОНЦЕСИИ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ ШТО ПОТЕКНУВААТ ОД НОРВЕШКА ВО ВТОРО ПОЛУГОДИЕ ОД 2019 ГОДИНА

**Анекс 2**

| Број на квота | Тарифна ознака | Наименување | Квота за период 01.07.-30.09.2019 г. | Квота за период 01.10.-31.12.2019 г. | Единична мерка | Царинска стапка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 094032 | 0406 | Сирење и урда: | 12.500 | 12.500 | кг | Слободно |

**Л И С Т А**
**НА ТАРИФНИ КОНЦЕСИИ ДАДЕНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ШВАЈЦАРСКАТА КОНФЕДЕРАЦИЈА ВО ПРВО ПОЛУГОДИЕ ОД 2019 ГОДИНА**

АНЕКС II

| Број на квота | Тарифна ознака | Наименување | Квота за период 01.07.-30.09.2019 г. | Квота за период 01.10.-31.12.2019 г. | Единична мерка | Преференцијална царинска стапка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 091034 | 0402 | Млеко и павлака, концентрирани или со додаден шеќер или други материи за засладување: | 12.500 | 12.500 | кг | Слободно |
| 091035 | 0406 90 13 00<br>0406 90 15 00<br>0406 90 17 00<br>0406 90 18 00<br><br>0406 90 25 00<br>ex 0406 90 69 00<br><br>ex 0406 90 79 00 | Emmentaler<br>Gruyère, Sbrinz<br>Bergkäse, Appenzell<br>Fromage fribourgeois, Vacherin Mont d'Or i Tête de Moine<br>Tilsit<br>Полутврдо и тврдо сирење од овчо или козјо млеко<br>Paulin | 12.500 | 12.500 | кг | Слободно |

Бр. 11-3209/1
20 јуни 2019 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши**, с.р.

**1877.**

Врз основа на член 4 став 1 од Одлуката за начинот и постапката при распределба на стоките во рамките на тарифни квоти (“Службен весник на Република Македонија“ бр.101/07, 168/08, 26/10, 6/11, 122/11, 5/12, 53/12, 53/13 и 31/15), Министерството за економија објавува

**Л И С Т А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА СТОКИ НА ЦАРИНСКИ КВОТИ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СТО**

Во Листата на стоки на царински квоти по Договорот за пристапување на Република Македонија во СТО (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 239/18), табелата се заменува со нова табела која гласи:

| Број на квота | Тарифна ознака | Наименување на стоката | Единечна мерка | Количина | Рок на увоз до |
|---|---|---|---|---|---|
| 097302 | 1001 99 00 00 | Пченица и наполица, друго | тони | 80.000 | 31.12.2019 |

Бр. 11- 3209/1
20 јуни 2019 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши**, с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622

2019129